# Tooth Mousse и MI Paste Plus: за здрави заби и убава насмевка

**Аплицирање**
Истиснете мало количество на Tooth Mousse од тубата врз вашиот прст и нанесете го врз површината на вашите заби, прстени и брекети, како што ви покажал вашиот стоматолог. Со помош на јазикот намачкајте ја пастата околу тешко достапните места. За максимален ефект, оставете ја пастата да стои колку што е можно подолго.

Минималното препорачливо време на аплицирање е три минути. После аплицирањето можете да исплукате или да ја проголтате преостанатата Tooth Mousse паста.

Запомнете секогаш да ја затворите тубата и да го исчистите отворот од заостанатата Tooth Mousse паста.



Dr. D. Mahony, Австралија

# Природен систем за заштита

**Tooth Mousse и MI Paste Plus**
Tooth Mousse и MI Paste Plus се креми / пасти што ги содржат истите природни калциум и фосфат што ги има во млекото. MI Paste Plus покрај тоа содржи и флуорид. Овие минерали ги штитат вашите заби и ги зајакнуваат слабите области во делот каде минералите се веќе изгубени.




**CPP-ACP е создаден на Школата за дентална наука, на Универзитетот во Мелбурн, Викторија, Австралија. RECALDENT™ се користи по лиценца на RECALDENT™ Pty Ltd. RECALDENT™. CPP-ACP е дериват на млечниот казеин и не треба да се користи кај пациенти кои се алергични на млечен протеин или хидроксибензоати.**

**GC EUROPE N.V.**
Head Office
Researchpark
Haasrode-Leuven 1240
Interleuvenlaan 33
B - 3001 Leuven
Tel. +32.16.74.10.00
Fax. +32.16.40.48.32
info@gceurope.com
www.gceurope.com

**GC EUROPE N.V.**
GC EEO
Siget 19b
HR - 10020 Zagreb
Tel. +385.1.46.78.474
Fax. +385.1.46.78.473
info@eeo.gceurope.com
www.eeo.gceurope.com

Овластен дистрибутер
за Македонија:
ДЕНТОМЕД-М
Ул. “Бојмија” бр. 2/2
Пошт. фах. 182
1000 Скопје
Тел./Факс: 02/24.62.739
Тел. 02/24.64.781
dentomed@t-home.mk

z O LF MK 12 21 05/11



# Цврсти, здрави и убави заби во текот на ортодонтскиот третман и потоа

Избегнете ја појавата на бели точки со користење на превентивни производи, како што се: **Tooth Mousse** и **MI Paste Plus**.

IDENTIFY PREVENT RESTORE

**Дел од GC програмата за Минимална интервенција.**

# Здрави заби во текот на ортодонтскиот третман

Во текот на ортодонтскиот третман, многу е важно да ги одржите здрави вашите заби. Никој не сака да забележи бели точки на своите заби после третманот - тоа може да се избегне!

**Ортодонтски бели точки**
Белите точки се знак на рано кариозно оштетување - во делот на забот каде се изгубени минералите, заради дејството на киселини што ги создаваат бактериите од плакот. Ова главно се случува околу брекетите каде лесно се создава плак.



Пост-ортодонтска декалцификација



После редовно користење на Tooth Mousse

Prof. L. Walsh, University of Queensland, Австралија

**Науката зад насмевката**
Направена е клиничка студија со користење на Tooth Mousse и MI Paste Plus за отстранување на белите точки[1] и испитување на нивното дејство во намалувањето на негативните ефекти од акумулирањето на плак во текот на ортодонтскиот третман[2].



Вака изгледа емајлот со бели точки на микрорадиограф



Ако се третира само со флуорид, минералите ќе се депонираат на надворешната површина од белите точки



**Ако се третира со Tooth Mousse, минералите можат да навлезат низ целата површина на белите точки**


1. Bailey, D. L., Adams, G. G., Tsao, C. E., Hyslop, A., Escobar, K., Manton, D. J., Reynolds, E. C. & Morgan, M. V. (2009) Regression of Post orthodontic lesions by a remineralising crème. J Dent Res 88(12):1148-1153.
2. van der Veen MH, Beerens MW, van Beek H, ten Cate JM. (2009) Changes in Plaque Composition after Orthodontic treatment; the influence of CPP-ACP-F Paste. Caries Res, 43:179-244 abstr 57.


# Здрава исхрана за здрави заби

Здравиот начин на исхрана во текот на ортодонтскиот третман ви помага да ги одржите здрави вашите заби.

**Совети за здрава исхрана:**

- Јадете овошје и зеленчук
- Пијте природни овошни сокови и незасладени пијалоци
- Пијте течности што се вештачки засладени и не содржат шеќери
- Избегнувајте храна, слатки и јадења што содржат шеќери
- Избегнувајте јадења и слатки што се лепат на забите (на пример: карамели)



# Одржувајте ги чисти забите во текот на ортодонтскиот третман



**Четкање и чистење со конец**
Внимателно четкајте ги забите со мека четка за заби два пати дневно, особено околу ортодонтските брекети и жици. Ако носите ластичиња, тие треба да се извадат пред четкањето на забите и чистењето со конец, а потоа веднаш да се вратат назад. Миењето на забите со флуоридна забна паста, исто така помага да се спречи појавувањето на бели точки.



Се препорачува чистење со конец барем еднаш дневно. Постојат специјални видови на конец за заби што помага да се навлезе во делот помеѓу жиците и непцата. Прашајте го вашиот ортодонт или стоматолог за совет и препорака.

**Контролирајте го плакот**
Гелот за обележување на плакот ги означува местата со плак во вашата уста, така што ги обојува во розова до темноцрвена или пак сина боја. Плакот што е акумулиран најмалку 24-48 часа е поопасен, бидејќи содржи повеќе бактерии; таквиот плак ќе биде обоен со сина боја наместо со розова.

Исто така, гелот за обележување на плакот може да го користите и за да ја измерите pH вредноста на плакот - така ќе дознаете на кои места бактериите лачат најмногу киселина што ќе ги оштети вашите заби.





Dr. I. Miletić, Хрватска

Користењето на средство за обележување на плакот во домашни услови ви помага точно да го одредите местото на плакот во тешко достапните области околу брекетите и ластичињата и ви покажува каде треба да обрнете посебно внимание на хигиената.